Институт за комуникациски студии

Јануари, 2025

ПОЛИТИКА ЗА СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

ИНСТИТУТ ЗА КОМУНИКАЦИСКИ СТУДИИ СКОПЈЕ

Институтот за комуникациски студии (во натамошниот текст: ИКС СКОПЈЕ) е непрофитна научно-истражувачка организација, основана во 2012 година. Институтот е водечка организација во областа на студиите по новинарство, медиуми, односи со јавност, политичка комуникација и корпоративно комуницирање.

Портфолиото на институтот се состои од нудење на магистерски студии, спроведување на научни истражувања во рамките на комуникациите и медиумите, спроведување на проекти и кампањи, како и давање на консултантски услуги кон трети страни. Од 2017 година, Високата школа за новинарство и односи со јавност и Институтот за комуникациски студии се спои ја во една организација и продолжија да работат под името на Институтот.

Мисијата на ИКС СКОПЈЕ е да помогне во зајакнувањето на македонската демократија во работата со медиумите, граѓанското општество и јавните институции, едуцирајќи критична јавност која ќе бара поголема транспарентност и отчетност преку вклучување на граѓаните во креирањето јавни политики.

Визијата на ИКС СКОПЈЕ е Македонија како модерно демократско општество каде слободата на изразување, плурализмот на ставовите и разновидноста на мислењата максимално се почитуваат.

Институтот за комуникациски студии го гледа општеството како меѓусебно поврзан систем и затоа користи интердисциплинарен пристап во својата работа, покривајќи широк опсег на области.

- Едукација за медиуми и комуникација
- Онлајн едукативни курсеви и ресурси
- Развивање стратегии за комуникација
- Водење кампањи и лобирање
- Производство на медиумски содржини
- Организирање настани

Заштитата на личните податоци е клучен сегмент во постигнувањето на сите програмски цели на ИКС СКОПЈЕ. Следејќи ги начелата за заштита на личните податоци дефинирани во General Data Protection Regulation (GDPR) и Законот за заштита на личните податоци (Сл.весник на РСМ бр.42/20), ИКС СКОПЈЕ ја разви оваа Политика за системот за заштита на личните податоци.

Оваа политика го дефинира управувањето со системот за заштита на лични податоци преку воспоставување и примена на техничките и организациските мерки за безбедност на обработката на личните податоци што ги применува ИКС СКОПЈЕ во својство на контролор на лични податоци, но и во својство на обработувач на лични податоци, а согласно Законот за заштита на личните податоци и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци.

Институт за комуникациски студии

Јануари, 2025

Преку оваа политика, ИКС СКОПЈЕ ќе ги постигне следните цели:

- информирање на субјектите на лични податоци за начинот на собирање иобработка на нивните податоци
- дефинирање на јасни правила за обработка на личните податоци, согласно ЗЗЛП
- појаснување на одговорностите и обврските на вработените и ангажираните лица во насока на почитување на заштитата на личните податоци и безбедноста на обработката на личните податоци и
- обезбедување функционален систем на технички и организациски мерки за безбедност на обработката на личните податоци

Правна рамка

- Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП)
- Општа регулатива за заштита на личните податоци на Европската унија (GDPR – General Data Protection Regulation)
- Правилник за безбедност на обработката на личните податоци (ВАЖЕЧКИ)
- Правилник за начинот на известување за нарушување на безбедноста (ВАЖЕЧКИ)
- Правилник за процесот на проценка на влијанието
- Други релевантни подзаконски акти и упатства на надлежниот орган.

Напомена за усогласеност: Оваа верзија ги имплементира новите барања за безбедност на обработката и известување за инциденти, како и засиленото управување со ризик и упрасвување со обработувачи, согласно до денот на донесување на оваа Политика.

1. **Контролор на збирки на лични податоци**
   Институт за комуникациски студии Скопје
   Ул. Јуриј Гагарин 17-1/1
   Скопје, Република Северна Македонија
   +3892 3090004
   info@iks.edu.mk

2. **Офицер за заштита на личните податоци**
   Име и презиме: Бојан Георгиевски
   e-mail: bojang@isk.edu.mk
   телефон: +3892 3090004

3. **Дефиниции**

Во функција на полесно разбирање на оваа политика, во продолжение се дадени релевантните законски дефиниции:

„Личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице.

Јануари, 2025

„Обработка на личните податоци“ е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување.

„Збирка на лични податоци“ е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа.

„Контролор“ е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување.

„Обработувач на збирка на лични податоци“ е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот.

„Корисник“ е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не. Органите на државната власт и државните органи на кои им се откриваат личните податоци во рамките на посебна истрага во согласност со закон, не се сметаат за корисници, при што обработката на овие податоци од овие органи мора да биде во согласност со важечките правила за заштита на личните податоци според целите на таа обработка.

„Посебни категории на лични податоци“ се лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице.

„**Нарушување на безбедноста на личните податоци “** се смета секоја ситуација што резултира со ризик за правата и слободите на лицата и која доведува до неовластен пристап, откривање, промена, губење или уништување на личните податоци (безбедносен инцидент) – Контролорот има обврска да извести во рок веднаш и не подоцна од 72 часа по дознавањето.

„ **Технички и организациски мерки “** тоа се комплетно документирани мерки за заштита кои Контролорот ги применува за обезбедување на тајност, интегритет и заштита при обработка на лични податоци – вклучува политика за информациска безбедност, обуки, контроли, систем за реагирање при инциденти, резервни копии и уништување на податоци, како и системска документација и процедури.

„ **Псевдонимизација** “ техничка мерка која подразбира замена на идентификувачки информации со други идентификатори (псевдоними) се додека податоците може да се поврзат со конкретно лице преку дополнителни информации (се чуваат одделно).

„ **Шифрирање** “ тоа е техничка мерка за заштита на личните податоци при трансфер или чување. Тоа е еден начин за зголемување на тајноста и спречување на неовластен пристап.

4. Согласност на субјектот на личните податоци

ИКС СКОПЈЕ ги дефинира правните основи за обработка на личните податоци пред започнувањето на самата обработка. Во случаите кога основот за обработка не произлегува од закон или договор помеѓу ИКС СКОПЈЕ и субјектот на личните податоци, ИКС СКОПЈЕ задолжително побарува согласност од субјектот на личните податоци.

ИКС СКОПЈЕ води сметка за тоа согласноста да биде јасна, недвосмислена и слободно дадена, а без притоа да има негативни последици по субјектот доколку одлучи да не ја даде согласноста. Согласноста е издвоена, посебно дадена за секоја различна цел. ИКС СКОПЈЕ го информира субјектот за целта на обработка, категории на лични податоци што се собираат, роковите во кои ќе се чуваат личните податоци, како и за можноста да ја повлече во секое време на едноставен и брз начин.

5. Начела за заштита на личните податоци

Законит, фер и транспарентен начин на обработка на личните податоци
Личните податоци се собираат и обработуваат исклучиво за целите дефинирани во Закон за здруженија и фондации, Закон за работни односи, Закон за евиденции во областа на трудот, Закон за данок на личен доход, Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Закон за здравственото осигурување, Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, Закон за исплата на платите, Закон за вршење на сметководствени работи, Закон за облигационите односи, Закон за волонтерство, Закон за практиканство, Закон за високото образование, договори за вработување, договори за ангажирање на надворешни соработници, волонтери и практиканти, договори со донатори, партнери и други трети страни и согласност на субјектите на лични податоци.

Ограничување на целта на обработката на личните податоци
Личните податоци кои се обработуваат за горенаведените цели не се предмет на натамошна обработка, за цели различни од првично дефинираните, а секоја потреба за нивно натамошно обработување ќе биде предмет на анализа и проценка на влијанието на обработката врз приватноста на субјектите на кои тие лични податоци се однесуваат.

Ограничување на обемот на личните податоци
Обработката на личните податоци е ограничена само на оние податоци кои се неопходни за да се исполни целта на обработката. Обемот на личните податоци кои се потребни за исполнување на целите е дефиниран со законите согласно кои личните податоци се обработуваат, интерните процедури за работа на ИКС СКОПЈЕ како и согласноста на субјектот на личните податоци. Доколку се појави потреба за обработка на дополнителни податоци, ИКС СКОПЈЕ ќе го информира субјектот на лични податоци и онаму каде што е неопходно ќе ја побара неговата согласност за таа дополнителна обработка.

Точност на личните податоци
ИКС СКОПЈЕ планира и спроведува разумни мерки за потврдување на точноста, исправка и/или бришење на неточните или некомплетните лични податоци кои ги обработува во извршувањето на своите дејности. Покрај мерките кои ги презема ИКС СКОПЈЕ, секој субјект на лични податоци

има право да побара исправка, измена или бришење на неговите лични податоци на лесен и едноставен начин. ИКС СКОПЈЕ има должност да: ги направи исправка на личните податоци во рок од 15 дена од констатираната неточност на личните податоци; да ги избрише податоците за кои субјектот барал бришење во рок од 30 дена од поднесувањето на барањето.

Ограничување на роковите на обработка на личните податоци

Личните податоци се чуваат согласно роковите дефинирани во Закон за здруженија и фондации, Закон за работни односи, Закон за евиденции во областа на трудот, Закон за данок на личен доход, Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Закон за здравственото осигурување, Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, Закон за исплата на платите, Закон за вршење на сметководствени работи, Закон за облигационите односи, Закон за волонтерство, Закон за практиканство, Закон за високото образование, договори за вработување, договори за ангажирање на надворешни соработници, волонтери и практиканти, договори со донатори, партнери и други трети страни и согласност на субјектите на лични податоци. По изминувањето на роковите или по исполнување на целта за обработката, личните податоци се бришат од соодветната збирка.

Интегритет и доверливост на личните податоци

ИКС СКОПЈЕ презема соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци од неовластен пристап, незаконско откривање и уништување на податоците. Пристапот до личните податоци е ограничен на лицата со посебни овластувања. ИКС СКОПЈЕ има засебна Политика за интегритет и безбедност на податоците во која се одефинирани информацискатa инфраструктура, управувањето со софтверот, управувањет со лозинки, системот за e-mail и други комуникации како и управувањето со опремата која е во сопственост на ИКС СКОПЈЕ.

6. Контролор, обработувач и корисник

Контролор

ИКС СКОПЈЕ се јавува во улога на контролор на збирки на лични податоци, а со тоа е одговорен самостојно или заедно со други да ги утврди целите и начините на обработка на личните податоци. ИКС СКОПЈЕ води евиденција на операциите за обработка за кои е одговорен. Оваа евиденција, особено ги содржи следните информации: назив и контакт податоци на контролорот, на овластениот претставник на контролорот и на офицерот за заштита на личните податоци; цели на обработката; опис на категориите на субјекти и на категориите на личните податоци; категории на корисници на кои се откриени или ќе бидат откриени личните податоци; пренос на лични податоци во трета земја, предвидени рокови за бришење на различните категории на лични податоци; општ опис на техничките и организациските мерки за безбедност. ИКС во текот на своето работење презема активности согласно повеќе закони, па согласно тоа се дефинираат и правните основи за обработка на личните податоци.

Обработувачи

Обработувач на личните податоци е правно лице кое во име и за сметка на ИКС СКОПЈЕ обработува лични податоци кои се дел од збирките кои ги води ИКС СКОПЈЕ. Во случаите кога ИКС СКОПЈЕ ангажира обработувачи на лични податоци, ИКС СКОПЈЕ ги дефинира целите на обработка, обемот на лични податоци и техничките и организациските мерки за заштита на личните податоци.

ИКС СКОПЈЕ користи обработувачи за процесите на пресметка на плати, исплата на хонорари, обезбедување на имот и одржување на веб страница.

Правата и обврските што се однесуваат на обработката на личните податоци, која што произлегува од реализацијата на овие договори се регулирани во договори за обработка на лични податоци. Обработката од страна на обработувачот се регулира со договор. Договорот е обврзувачки за обработувачот во однос на контролорот. Со договор се регулира предметот на договорот, времетраењето на обработката, природата и целта на обработката, видот на личните податоци, категориите на субјекти на личните податоци и обврските и правата на контролорот. Во рамките на дел од активностите на ИКС се продуцираат и новинарски содржини. Обработката на личните податоци која ИКС ја врши за производство на медиумски содржини, е ограничена на случаи во кои јавниот интерес преовладува над приватниот интерес на субјектот на лични податоци. Во процесот на балансирање на правото на заштита на личните податоци со слободата на изразување и информирање се земаат во предвид следните критериуми:

- природата на личните податоци
- околности под кои се добиени личните податоци
- влијанието на објавената информација кон дискусијата за јавниот интерес
- колку е познато засегнатото физичко лице и кој е предметот на информацијата
- претходно поведение на засегнатото физичко лице
- претходна согласност на засегнатото физичко лице
- содржината, формата и последиците од објавувањето на информацијата

Корисник
Корисник на личните податоци е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело на кое му се откриваат личните податоци без разлика дали е тоа трето лице или не.

Во улога на корисници на дел од личните податоци од збирките кои ги води ИКС СКОПЈЕ се јавуваат донаторите чии проекти ИКС СКОПЈЕ ги спроведува врз основа на договор. На овие корисниците ИКС СКОПЈЕ им открива дел од личните податоци од збирките на плати и придонеси, консултанти и надворешни соработници, учесници во програмски активности.

Правата и обврските кои се однесуваат на обработката на личните податоци кои се споделуваат се регулирани во Договорот за спроведување на секој проект одделно како и со интерните правила за заштита на личните податоци на Контролорот и Корисникот.

7. Каталог на збирки на лични податоци

За да може да се дефинираат збирките на личните податоци кои ги води ИКС, правните основи, целите на обработка на личните податоци, категориите на лични податоци и сите останати детали за обработката, првично се дефинирани процесите во кои ИКС обработува лични податоци:

- Регрутација на вработени
- Вработување
- Исплата на плати на вработените
- Ангажирање и исплата на надворешни соработници

- Спроведување на образовни програми за специјалистички и магистерски студии
- Спроведување на анкети и фокус групи
- Спроведување на проектни активности поврзани со организација на настани, обуки, тренинзи, конференции
- Ангажирање на волонтери и практиканти
- Продукција на медиумски содржини
- Контакт со корисници преку веб страниците.

Со цел исполнување на законските обврски кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци и обезбедување на ефективен работен процес, личните податоци кои ги обработува ИКС СКОПЈЕ се структурирани и се водат во следните збирки на лични податоци:

НАЗИВ НА ЗБИРКА	Збирка на вработени
Правна основа за обработка	Исполнување на законска обврска (Закон за работните односи, Закон за евиденции од областа на трудот, Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Закон за здравственото осигурување, Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, Закон за исплата на платите, Закон за данок на личен доход, Закон за вршење на сметководствени работи)
	Исполнување на договорна обврска (Договор за вработување)
Цели на обработката	Засновање на работен однос и остварување на права и обврски од работен однос
Категории на субјекти на лични податоци	Вработени
Категории на лични податоци	Име и презиме Адреса на живеење ЕМБГ Ден, месец, година на раѓање Место на раѓање Број на здравствена легитимација Електронска адреса Телефонски број Степен и вид на завршено образование Степен на стручна подготовка Шифра и опис на занимање Работно место Работно време Стаж Траење на работниот однос Висина на плата Персонален данок
Посебни категории на лични податоци	Медицински податоци (систематски прегледи и боледувања) за вработените и/или Лекарско уверение на барање на ИКС
Начин на обработка	Електронска и хартиена
Рок на чување на личните податоци	Досиеја на вработени - согласно законски утврдениот рок од 45 години

	Пријави и одјави за вработени, договори/решенија за вработување решенија за распоредување - согласно законски утврдениот рок од 45 години Решенија за годишен одмор, отсуства и боледувања - 2 години Преписки во врска со остварување на права од работен однос - 1 година
Оработувачи	Друштво за сметководствени работи
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Евиденција на плати на вработените
Правна основа за обработка	Исполнување на законска обврска (Закон за работните односи, Закон за евиденции од областа на трудот, Закон за пензиско и инвалидско осигурување, Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, Закон за исплата на платите, Закон за данок на личен доход).
Цел на обработката	Пресметка на плати и придонеси
Категории на субјекти на лични податоци	Вработени
Категории на лични податоци	Име и презиме ЕМБГ Број на трансакциска сметка Вкупен број на остварени работни часови на работникот и користење на работното време Одлука за прераспределба на повеќе или помалку распределени часови Вкупно време на прекувремената работа Персонална листа за исплата на плати Бруто плата и други надоместоци Вкупно неизвршени часови за кои се прима надомест од плата: Часови за привремена спреченост за работа поради болест, повреда и други причини; боледување Часови на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство Работа со половина од полното работно време на родителот со потешко хендикепирано дете Неизвршени часови за кои не се прима надомест на плата Податоци за слободни денови
Посебни категории на лични податоци	Медицински податоци (боледувања и слично - основ за одбиток)
Начин на обработка	Електронска и хартиена
Рок на чување на личните податоци	Конечни пресметки на плата - трајна вредност Персоналната листи за исплата на плата – согласно законски утврдениот рок од 45 години Пријави на податоци за утврдување на нето плата и стаж на осигурување - согласно законски утврдениот рок од 45 години

	Минат труд, годишен одмор, отсуства, боледување и сл. - 2 години
Обработувачи	Друштво за сметководствени работи
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Евиденција на влез и излез од деловен објект
Правна основа за обработка	Легитимен интерес
Цел на обработката	Обезбедување на деловен простор
Категории на субјекти на лични податоци	Вработени
Категории на лични податоци	Име и презиме Код (личен доделен на секој вработен) Време на влез и излез од деловен простор
Посебни категории на лични податоци	Нема
Начин на обработка	Електронска
Рок на чување на личните податоци	30 дена
Обработувачи	Друштво за обезбедување на имот и лица
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Збирка на надворешни соработници
Правна основа за обработка	Исполнување на договорна обврска (Авторски договор, договор за давање на услуга)
Цели на обработката	Исполнување на права и обврски од договор
Категории на субјекти на лични податоци	Надворешни соработници
Категории на лични податоци	Име и презиме ЕМБГ Адреса на живеење Број на трансакциска сметка Износ на хонорар CV – професионална биографија
Посебни категории на лични податоци	Нема
Начин на обработка	Електронска и хартиена
Рок на чување на личните податоци	10 години по исплата на хонорар (согласно Законот за вршење на сметководствени работи)
Обработувачи	Друштво за сметководствени работи Авторска агенција
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Збирка на кандидати за вработување
Правна основа за обработка	Исполнување на законска обврска (Закон за работните односи)
	Согласност за обработка на личните податоци при идни вработувања
Цели на обработката	Селекција на кандидати и избор на нови вработени
Категории на субјекти на лични податоци	Физички лица кои се пријавиле на оглас за вработување
Категории на лични податоци	Име и презиме Датум и место на раѓање Адреса на живеење Контакт податоци (е-адреса/телефон) Занимање/професија

	Работно искуство Податоци кои кандидатот самиот ги открива во професионалната биографија (CV)
Посебни категории на лични податоци	Нема
Начин на обработка	Електронски
Рок на чување на личните податоци	5 дена по склучување на Договор за вработување со избраниот кандидат 6 месеци за оние кандидати за работа кои ја дале својата согласност нивните податоци да бидат чувани од страна на ИКС за потреби на идни вработувања
Обработувачи	Нема
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Збирка на студенти на магистерски или специјалистички студии
Правна основа за обработка	Исполнување на законска обврска (Закон за високото образование)
Цели на обработката	Остварување на права и обврски од Законот за високото образование
Категории на субјекти на лични податоци	Студенти
Категории на лични податоци	Евиденција на пријавени и запишани студенти Име и презиме на студентот (за студентките и моминското презиме) Пол Место и дата на раѓање Држава на раѓање Живеалиште или претстојувалиште ЕМБГ Државјанство Претходно стекнато образование Начин на студирање Податоци за положени испити Контакт податоци (е-адреса/телефон) Личен картон Ги содржи истите податоци од евиденцијата, а дополнително содржи и податок за положени испити, за напредувањето и завршувањето на студиите Записник од испити Ги содржи истите податоци од евиденцијата, а дополнително содржи и податоци за: Година на студирање и студиска година на првиот упис Датум на испитот Податоци за тоа дали испитот го полага прв пат или го повторува Оценка добиена на испитот

	Евиденција на издадени документи за завршени студии Матична книга на запишани студенти Главна книга на дипломирани студенти
Посебни категории на лични податоци	Нема
Начин на обработка	Електронски и хартиено
Рок на чување на личните податоци	Роковите за чување на личните податоци кои се обработуваат од страна на ИКС СКОПЈЕ се определуваат во посебен документ
Обработувачи	Нема
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Збирка на волонтери и практиканти
Правна основа за обработка	Исполнување на законска обврска од Закон за волонтерство и Закон за практиканство
	Договор за волонтерство Договор за пактиканство
Цели на обработката	Остварување на права и обврски од меѓусебниот однос со ИКС во врска со волонтирање или практиканство
Категории на субјекти на лични податоци	Волонтери Практиканти
Категории на лични податоци	Име и презиме ЕМБГ Адреса на живеење Број на трансакциска сметка Износ на хонорар
Посебни категории на лични податоци	нема
Начин на обработка	Електронски и хартиено
Рок на чување на личните податоци	10 години по исплата на хонорар (согласно Законот за вршење на сметководствени работи)
Обработувач	Друштво за сметководствени работи
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Збирка на учесници во фокус групи
Правна основа за обработка	Договор за дело
Цели на обработката	Исполнување на договорни обврски за истражување на мислење
Категории на субјекти	Учесници во фокус групи
Категории на лични податоци	име и презиме ЕМБГ адреса општина износ на хонорар персонален данок податоци за трансакциска сметка времетраење на договор глас видео снимки

Посебни категории на лични податоци	глас видео снимки
Начин на обработка	Електронски
Рок на чување на личните податоци	Снимките на гласот и видео снимките се бришат веднаш по изготвувањето на транскриптот, односно, во рок од 10 работни дена. Доколку постои легитимен интерес за чување во подолг рок или пак споделување на дел од содржините, рокот ќе биде дефиниран соодветно на потребата. Податоците потребни за склучување на договор за вршење на услуги се чуваат во рок од десет (10) години по истекот на важење на договорот
Обработувачи	/
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Збирка на гласовни записи од лица согласни да учествуваат во медиумски продукти
Правна основа за обработка	Легитимен интерес Согласност на субјектот
Цели на обработката	Продукција на медиумски содржини
Категории на субјекти на лични податоци	Физички лица кои се согласиле да учествуваат во медиумски продукти
Категории на лични податоци	Глас Други податоци кои лицето ги открива во својата изјава
Посебни категории на лични податоци	Биометриски податоци (глас)
Начин на обработка	Електронска
Рок на чување на личните податоци	Трајно освен во случаи кога лицето бара бришење или пак отстранување од интернет
Обработувачи	Нема
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Збирка на фотографии од лица согласни да учествуваат во медиумски продукти
Правна основа за обработка	Легитимен интерес Согласност на субјектот
Цели на обработката	Продукција на медиумски содржини
Категории на субјекти на лични податоци	Физички лица кои се согласиле да учествуваат во медиумски продукти
Категории на лични податоци	Фотографија Други податоци кои лицето ги открива во својата изјава
Посебни категории на лични податоци	Биометриски податоци (фотографија)
Начин на обработка	Електронска
Рок на чување на личните податоци	Трајно освен во случаи кога лицето бара бришење или пак отстранување од интернет
Обработувачи	Нема
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Збирка на учесници на обуки и работилници
Правна основа за обработка	Исполнување на преземени договорни обврски во рамки на проектите (за евидентирање на учесниците

	на обуки и работилници и за нивно потпишување во листата на учесници на обуки и работилници) Согласност на учесниците на обуки и работилници за јавно користење на фотографии и видеа од обуките и работилниците и за користење на e-mail адресите на учесниците за известувања поврзани со активности на ИКС
Цели на обработката	Водење на евиденција на учесници на обуки и работилници и планирање следни мерки ПР производи (фотографии/видеа за промотивни цели на ИКС)
Категории на субјекти на лични податоци	Учесници на обуки и работилници
Категории на лични податоци	Име и презиме Електронска адреса Телефонски број Работно место Организација/компанија Фотографии од настан
Посебни категории на лични податоци	Дел од проектите може да имаат ранливи категории на граѓани и/или деца како целна група, па постои можност во некоја активност да мора да бидат обработувани и посебни категории на лични податоци
Начин на обработка	Електронска и хартиена
Рок на чување на личните податоци	10 години по завршување на проектот, но само за цели на ревизија
Обработувачи	Партнери, грантисти, ревизори
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Збирка на учесници на настани
Правна основа за обработка	Исполнување на преземени договорни обврски во рамки на проекти и легитимен интерес (за евидентирање на учесници на настани и за нивно потпишување во листата на учесници на настани) Согласност на учесниците на настани за јавно користење на фотографии и видеа од настаните и за користење на e-mail адресите на учесниците за известувања поврзани со активности на ИКС
Цели на обработката	Водење на евиденција на присутни лица и приложување на евиденцијата како доказ дека е одржан настанот ПР производи (фотографии/видеа за промотивни цели на ИКС)
Категории на субјекти на лични податоци	Учесници на настани
Категории на лични податоци	име и презиме електронска адреса телефонски број организација/компанија

	позиција фотографии од настан Во случај на регионални настани: патна исправа (датум на раѓање, број на патна исправа) адреса на живеење во случај на организирање превоз до аеродром
Посебни категории на лични податоци	Дел од проектите имаат ранливи категории на граѓани и/или деца како целна група, па постои можност во некоја активност да мора да бидат обработувани и посебни категории на лични податоци
Начин на обработка	Електронски и хартиено
Рок на чување на личните податоци	10 години по завршување на проектот, но само за цели на ревизија
Обработувачи	Партнери, грантисти, ревизори
НАЗИВ НА ЗБИРКА	Збирка на корисници на веб страници
Правна основа за обработка	Согласност на корисниците
Цели на обработката	Одговарање на прашања од интерес на корисниците
Категории на субјекти на лични податоци	Корисници
Категории на лични податоци	име презиме електронска адреса други податоци кои корисникот самиот ќе ги открие во пораката
Посебни категории на лични податоци	Нема
Начин на обработка	Електронски
Рок на чување на личните податоци	1 година
Обработувачи	Друштво кое ја одржува веб страната

8. Улоги и одговорности

Улогите и одговорностите поврзани со обработката на личните податоци во ИКС СКОПЈЕ се јасно дефинирани и се доделуваат во согласност со оваа политика.

ИКС СКОПЈЕ јасно ги определува и им издава соодветно овластување на вработените и ангажирани лица кои се задолжени за пристап и обработка на личните податоци. Воедно, одговорното лице за информациска сигурност е назначено со посебно овластување со кое се јасно поставени и документирани неговите задачи и одговорности.

Обврските и одговорностите за кои постои судир на интерес, на пример, улогите на одговорното лице за информациска сигурност и Офицерот за заштита на личните податоци (ОЗЛП) се целосно одделени за да се намалат можностите за неовластено или ненамерно менување или злоупотреба на личните податоци.

Офицер за заштита на личните подароци

ИКС СКОПЈЕ има определено Офицер за заштита на личните податоци кој за својата работа е директно одговорен пред највисокото раководно ниво на ИКС СКОПЈЕ. ИКС СКОПЈЕ ги има објавено контакт податоците на офицерот на својата веб-страница.

Офицерот е секогаш вклучен во сите прашања поврзани со заштитата на личните податоци во ИКС СКОПЈЕ за што му се обезбедени неопходните ресурси за извршување на неговите работи, како и непречен пристап до личните податоци и операциите на обработка во ИКС СКОПЈЕ. Офицерот е целосно независен во својата работа, при што директорот на ИКС СКОПЈЕ не влијае никако во однос на извршувањето на неговите работи.

Офицерот за заштита на личните податоци ги има следните обврски и одговорности:

- се грижи за информирање на ИКС СКОПЈЕ и неговите вработени и ангажирани лица за обврските што произлегуваат од прописите за заштита на личните податоци
- планира, организира и спроведува обуки за вработените и ангажираните лица кои вршат обработка на лични податоци на ИКС СКОПЈЕ
- дава соодветни совети и препораки на ИКС СКОПЈЕ во насока на исполнување на обврските што произлегуваат од прописите за заштита на личните податоци
- согласно анализата на ризик на одредени временски интервали, а најмалку еднаш на 1 година иницира вршење контрола над работата на администраторот на информацискиот систем и учествува во вршењето на контролата
- соработува и делува како контакт точка пред Агенцијата за заштита на лични податоци
- остварува контакт со субјектите на лични податоци и се грижи за спроведување на постапките и за навремено одговарање на нивните барања упатени до ИКС СКОПЈЕ, а во врска со остварување на нивните права

Раководство

Директорот на ИКС СКОПЈЕ е одговорен за следење и спроведување на усогласеноста со прописите за заштита на личните податоци и за обезбедување на усогласеност со оваа политика. Директорот одржува редовни состаноци со Офицерот за заштита на лични податоци на квартално ниво за прашања од областа на заштитата на личните податоци.

Вработени/ангажирани лица

Грижата за заштита на личните податоци и безбедноста на податоците ја имаат сите вработени и ангажирани лица во ИКС СКОПЈЕ. Во оваа насока, вработените и ангажирани лица во ИКС СКОПЈЕ имаат и лична одговорност да обезбедат усогласеност со оваа политика и да вршат обработка на личните податоци во согласност со начелата утврдени во оваа политика, како и да обезбедат преземање мерки за обезбедување на безбедност на податоците.

9. Пренос на лични податоци во други земји

ИКС СКОПЈЕ врши пренос на лични податоци кои се дел од збирките на вработени, плати и придонеси, консултанти и надворешни соработници и учесници во програмски активности.

Преносот на дел од збирките се врши од Република Северна Македонија во земјите во кои се регистрирани и делуваат донаторите чии проекти ИКС СКОПЈЕ ги спроведува. Преносот на дел од личните податоци се врши исклучиво за целите на исполнување на договорите за

вработување, исплата на плати и хонорари за вршење на услуги и потврдување на број на присутни на активности организирани во рамки на проекти.

Целите и начинот на преносот се дефинирани во договорите за спроведување на проектите помеѓу ИКС СКОПЈЕ и секој донатор одделно, договорите за вработување и договорите за вршење на ускуги.

10. Безбедност на обработката на личните податоци

ИКС СКОПЈЕ презема технички и организациски мерки за обезбедување безбедност на обработката на личните податоци, наменети за овластените лица во ИКС СКОПЈЕ кои имаат пристап до личните податоци и вршат нивна обработка, а кои се конципирани врз основа на претходно спроведена анализа на ризик на процесите на обработка на личните податоци.

Личните податоци што ги собира и обработува ИКС СКОПЈЕ мора да бидат обезбедени со соодветни технички и организациски мерки против случајно губење, уништување или оштетување и против неовластено или незаконско обработување.

При изборот на технички и организациски мерки за обработка на лични податоци, се зема предвид: природата, обемот, контекстот и целите на обработка, ризиците со различна веројатност и сериозност за правата и слободите на физичките лица кои произлегуваат од обработката, ИКС СКОПЈЕ редовно ќе ја проценува и тестира ефективноста на ваквите мерки за да се осигура дека тие се соодветни и ефективни.

ИКС СКОПЈЕ треба да ја гарантира доверливоста, интегритетот и достапноста на личните податоци во секое време:

- Доверливост значи дека само лицата кои треба да знаат и се овластени да обработуваат какви било лични податоци можат да пристапат до нив.
- Интегритет значи дека личните податоци мора да бидат точни и соодветни на целта за која се собираат и чуваат.
- Достапност значи дека овластените лица кои треба да пристапат до личните податоци се во можност да го сторат тоа.

Проценката и анализата на ризик на процесите на обработка на личните податоци и предложените технички и организациски мерки според одреденото ниво на ризик е составен дел на оваа политика.

Списокот на политики и процедури во кои се опишани техничките и организациски мерки за овластените лица кои имаат пристап до личните податоци и до информацискиот систем и информатичка инфраструктура е составен дел на оваа политика.

ИКС СКОПЈЕ е одговорен за обезбедување на услови за имплементација на техничките и организациските мерки и контроли кои се однесуваат на нивниот делокруг на работење.

11. Проценка на влијание на заштитата на личните податоци

Доколку постои веројатност дека обработката на податоците ќе предизвика висок ризик за правата и слободите на субјектите, ИКС СКОПЈЕ задолжително ќе изврши проценка на влијанието на заштитата на личните податоци, за да се предвидат соодветни мерки за

намалување на ризикот. Оваа алатка служи за проценка на ризикот за правата и слободите на субјектите на лични податоци, не за ризици за ИКС СКОПЈЕ како правно лице.

12. Нарушување на безбедноста на личните податоци

Нарушувањето на безбедноста (безбедносен инцидент) подразбира повреда на доверливоста (неовластено или случајно откривање на податоците), интегритетот (неовластена или случајна промена на податоците), достапноста (оневозможување на пристапот до податоците).
Во случај на појава на безбедносен инцидент, ИКС СКОПЈЕ го известува Офицерот за заштита на личните податоци, прави проценка на обемот и влијанието на безбедносниот инцидент, прави ревизија на постоечките технички и организациски мерки за безбедност и заштита на личните податоци како и план за преземање на соодветни мерки за санирање на инцидентот.

ИКС СКОПЈЕ во рок од 72 часа од дознавање за безбедносниот инцидент ја известува Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија за: видот на безбедносниот инцидент (број на субјекти и број на збирки опфатени со инцидентот), име и контакт податоци на офицерот, опис на веројатните последици, опис на мерки кои треба да се преземат за негово отстранување и кога е веројатно дека повредата ќе предизвика голем ризик за правата и слободите на субјектот, известување до субјектот.

13. Права на субјектите на личните податоци

Право на информирање
ИКС СКОПЈЕ го почитува правото на информирање на субјектите на личните податоци и обезбедува информација која вклучува детали за сите аспекти на обработката на податоците и тоа: идентитетот и контакт податоци на контролорот, контакт податоци за офицерот, целите и правната основа за обработката, легитимните интереси на контролорот, корисници на кои личните податоци се даваат на користење, рок на чување, пренос на податоците во трети земји, правото на субјектот да ја повлече согласноста во кое било време и известување за начините за остварување на правата на субјектот.

ИКС СКОПЈЕ ја прави достапна информацијата електронски и писмено, како составен дел од договорите со субјектите на личните податоци но и на барање на субјектот на лични податоци.

Право на пристап
ИКС СКОПЈЕ му обезбедува на субјектот право на пристап до личните податоци кои се собрани во врска со него. Субјектот има право да добие информации за: целите на обработката, видови на лични податоци кои се обработуваат, корисници на кои личните податоци се даваат на користење, рок на чување, правото на исправка или бришење, ограничување на обработка, приговор, право да поднесе барање до АЗЛП, постоење на автоматизиран процес на одлучување, вклучувајќи и профилирање.

ИКС СКОПЈЕ ги презема сите потребни активности со цел да одговори на барањето на субјектот во рок од 30 дена од приемот на барањето, односно, од добивањето на дополнителните информации доколку првично поднесеното барање е нејасно или некомплетно.

Право на исправка
Доколку при остварувањето на пристап, субјектот забележи дека неговите лични податоци се неточни или непотполни, има право да побара нивна исправка и надополнување. ИКС СКОПЈЕ

без непотребно одлагање, а во рок од најмногу 15 дена, овозможува исправка на неточни податоци и дополнување на непотполни податоци.

Право на бришење
Субјектот на личните податоци има право да побара од ИКС СКОПЈЕ да ги избрише неговите лични податоци во случаите кога се исполнети целите заради кои се обработени, ако е повлечена согласноста, а притоа нема друг правен основ, ако субјектот приговара на обработката на податоците, ако личните податоци биле незаконски обработени, заради почитување на законска обврска на контролорот или ако податоците биле собрани во врска со понуда на услуги на информатичко општество. ИКС СКОПЈЕ има обврска да ги избрише податоците во рок од 30 дена од поднесување на барањето за бришење и да го извести субјектот за преземените дејствија.

Право на ограничување на обработката
Субјектот на личните податоци може да бара ограничување (блокирање) на обработката на податоците во случаи кога: ја оспорува нивната точност; обработката е незаконита, а субјектот се противи на бришење на податоците; податоците веќе не му се потребни на контролорот, но потребни му се на субјектот за остварување на неговите правни барања и кога субјектот вложил приговор, па се чека исходот од приговорот. Кога е ограничена обработката, податоците само се чуваат и не се обработуваат понатаму.

Право на преносливост (во моментот неприменливо за ИКС СКОПЈЕ)
Субјектот на личните податоци има право да ги добие своите лични податоци во структуриран, вообичаено користен и машински читлив формат и истите да ги пренесе на друг контролор, без попречување од страна на ИКС СКОПЈЕ. Ова право е применливо кога се врши обработка врз основа на согласност или договор и кога обработката се врши со автоматизирани средства.

Право на приговор
Субјектот на личните податоци има право да поднесе приговор врз основа на конкретна ситуација поврзана со него и тоа кога обработка на личните податоци која се заснова на јавен или легитимен интерес, вклучувајќи и профилирање; обработка на лични податоци се врши за цели на директен маркетинг и профилирање поврзано со директниот маркетинг; обработката на личните податоци се врши за цели на научни или историски истражувања или за статистички цели. Контролорот не може да врши понатамошна обработка на личните податоци, освен ако постојат релевантни легитимни интереси кои преовладуваат над интересите, правата и слободите на субјектот, на личните податоци.

Автоматско донесување на поединечни одлуки и профилирање (во моментот неприменливо за ИКС СКОПЈЕ)
Субјектот на личните податоци има право да бара да не биде предмет на одлука заснована единствено на автоматска обработка на податоци, врз основа на профилирање, ако таа одлука предизвикува правни последици за него. Контролорот не смее да донесе таква одлука ако субјектот писмено побарал да не се донесе таква одлука.

Ова не се однесува на одлуки кои се засноваат на договор, закон или согласност. Ако одлуката се заснова на договор или согласност, субјектот има право да бара да биде обезбедена човечка интервенција, да бара да се преиспита одлуката и да изрази личен став.

14. Начини на остварување на правата на субјектите на личните податоци

Субјектот на личните податоци може самостојно или преку од него овластен правен застапник да поднесе барање за остварување на правата кои произлегуваат од Законот за заштита на личните податоци.

Барањето треба да биде поднесено во писмена форма, хартиено или електронски со користење на формулар за барање и да биде доставено на info@iks.edu.mk или на ул. Јурij Гагарин 17-1/1 Скопје, Република Северна Македонија.

ИКС СКОПЈЕ ќе обезбеди одговор за прием на барањето и за следните чекори кои ќе ги преземе по однос на барањето во рок од 48 часа.

15. Собирање на општи податоци и информации

Нашата веб страница собира низа општи податоци и инфорамции кога пристапувате до неа. Овие општи податоци и информации се зачувани во лог фајловите (Датотеките) на серверот. Собраните податоци и информации може да се однесуваат на:

1. Видот на веб пребарувачот и користените верзии
2. Оперативниот систем што го користи системот за пристап
3. Веб страницата од која системот за пристап пристапува до нашата веб страница
4. Датумот и времето на пристап до веб страницата
5. Адресата на Интернет протоколот (IP адреса)
6. Давателот на Интернет услуги на системот за пристап
7. Други слични информации што можат да се користат во случај на напад врз нашиот информациски систем.

При користење на општи податоци и информации, не донесуваме заклучоци за корисникот. Наместо тоа, овие информации ни се потребни за:

1. Правилно да ја испорачаме содржината на нашата веб страница
2. Да ја оптимизираме содржината на нашата веб страница
3. Да обезбедиме долгорочна одржливост на нашиот информациски систем и технологијата на веб страницата
4. Да им ги дадеме на органите за спроведување на законот информациите потребни за гонење во случај на сајбер-напад.

Затоа, анонимно анализираме и собираме статистички податоци со цел да обезбедиме оптимално ниво на заштита на личните податоци што ги обработуваме. Анонимните податоци од лог фајловите (датотеките) на серверите се зачувуваат одделно од Вашите лични податоци.

16. Заштита на личните податоци при користење на Facebook

На нашата веб страница е интегрирана компонента на Facebook. Facebook е социјална мрежа - место за социјални состаноци на Интернет кое на корисниците им овозможува да комуницираат едни со други во виртуелен простор. Социјалната мрежа може да послужи како платформа за размена на мислења и искуства или за добивање лични или деловни информации.

Facebook, Inc., 1 Hacker Way, Menlo Park, Калифорнија 94025, Соединетите Американски Држави (САД) е контролор на податоците на субјектите од САД и Канада. Ако субјектот живее надвор од САД или Канада, контролор е Facebook Ireland Ltd., 4 Grand Canal Square, Grand Canal Harbour, Даблин 2, Ирска.

Секогаш кога ќе ја посетите нашата веб страница, на која е интегрирана компонентата на Facebook (Facebook plug-in), веб пребарувачот на Вашиот информациски систем автоматски се поттикнува да испрати приказ на соодветната компонента на Facebook. Преглед на сите Facebook plug-in може да се обезбеди на https://developers.facebook.com/docs/plugins/. За време на овој технички процес, Facebook е информиран за тоа која веб страница сте ја посетиле.

Facebook секогаш прима информации за посетата на нашата веб страница, кога сте најавени на Facebook за време на посета на нашата веб страница. Доколку не сакате овие информации да се пренесуваат на Facebook, одјавете го Вашиот кориснички профил на Facebook пред да ја посетите нашата веб страница.

Упатството за заштита на податоците објавено од Facebook е достапно на https://facebook.com/about/privacy/

17. Заштита на личните податоци при користење на Instagram

На нашата веб страница е интегрирана компонентата на Instagram. Instagram е услуга која може да се опише како аудиовизуална платформа, која на корисниците им овозможува споделување на фотографии и видеозаписи, како и ширење на таквите податоци на другите друштвени мрежи.

Facebook Ireland Ltd., 4 Grand Canal Square, Grand Canal Harbour, Даблин 2 Ирска е контролор на личните податоци кои се обработуваат преку Инстаграм.

Секогаш кога ќе ја посетите нашата веб страница, на која е интегрирана компонентата Instagram (копчето Insta), веб пребарувачот на информацискиот систем на корисникот, автоматски бара да преземе приказ од соодветната Instagram компонента. Во текот на оваа техничка постапка, Instagram знае која веб страница сте ја посетиле.

Доколку истовремено сте пријавени на Instagram, Instagram ги детектира сите посети на нашата веб страница од Ваша страна и севкупното време поминато на нашата веб страница. Тие податоци се собираат преку Instagram компонентата и се поврзуваат со Вашиот Instagram профил. Ако кликнете на Instagram копчето кое е интегрирано на нашата веб страница, Instagram ги поврзува овие податоци со Вашиот личен Instagram кориснички профил и ги зачувува личните податоци. Instagram прима информации преку компонентата Instagram дека сте ја посетиле нашата веб страница под услов истовремено да сте пријавен на Instagram за време на посетата на нашата веб страница. Тоа се случува независно од тоа дали сте кликнале на Instagram копчето или не. Доколку не сакате овие информации да се пренесуваат на Instagram, одјавете се од Instagram профилот пред да ја посетите нашата веб страница.

Дополнителни информации и важечки одредби за заштита на личните податоци на Instagram можат да се најдат на следниот линк:
https://help.instagram.com/155833707900388 https://www.instagram.com/about/legal/privacy/

18. Заштита на личните податоци при користење на YouTube

На На нашата веб страница, интегрирана е компонентата на YouTube. YouTube е интернет видео портал кој им овозможува на видео издавачите и на другите корисници бесплатно да поставуваат видеозаписи, како и бесплатно нивно прегледување, оценување и коментирање.

YouTube ви овозможува да објавувате секаков вид на видеа, да пристапите до цели филмови и ТВ -емисии, како и музички видеа и видеа направени од корисници преку Интернет порталот. YouTube услугата ја овозможува трговското друштво Google Ireland Limited, Gordon House, Barrow Street, Даблин, D04 E5W5, Ирска.
Секогаш кога ќе ја посетите нашата веб страница на која е интегрирана компонентата YouTube (видео на YouTube), веб пребарувачот на Вашиот информациски систем автоматски се поттикнува да испрати приказ на соодветната компонента на YouTube. Дополнителни информации за YouTube се достапни на https://www.youtube.com/howyoutubeworks/. Во текот на овој технички процес, YouTube е информиран која веб страница сте ја посетиле.
Ако сте најавени на YouTube, YouTube ја препознава секоја посета на нашата веб страница. Овие информации се собираат од YouTube и Google и се доделуваат на вашата сметка на YouTube.
YouTube и Google добиваат информации преку компонентата YouTube дека сте ја посетиле нашата веб страница, ако сте најавени на YouTube во моментот на посетата на нашата веб страница. Ова се случува без разлика дали сте кликнале на YouTube видеозаписот или не. Доколку не се согласувате со таквиот пренос на податоци на YouTube и Google можете да се одјавите од Вашиот профил на YouTube пред да се најавите на нашата веб страница. Одредбите за заштита на личните податоци на YouTube кои се достапни на следниот линк https://policies.google.com/privacy?hl=en, обезбедуваат информации за собирање, обработка и употреба на личните податоци од страна на YouTube и Google.

19. Линкови до други страниви

При користењето на „http://www.iks.edu.mk/ “ може да Ви бидат прикажани линкови до други страници со кои не управуваме ние. Доколку кликнете на линк на трето лице, ќе бидете насочени кон страницата на третото лице. Ве советуваме да ја погледнете Политиката за приватност на секоја страница што ја посетувате.

„http://www.iks.edu.mk/“ нема контрола и не преземе одговорност за содржината, политиките или практиките за приватност на страници или услуги на трети лица.

20. Контроли и ревизии

ИКС СКОПЈЕ спроведува редовни контроли и ревизии и ја следи усогласеноста со цел да се осигура дека мерките што се преземаат во функција за заштита на субјектите на личните податоците и нивните податоци се соодветни, ефективни и усогласени.

Преку овие контроли се следи усогласеноста на работењето на ИКС СКОПЈЕ со прописите за заштита на личните податоци, со интерните акти и со документација за технички и организациски мерки.

Еднаш годишно, офицерот за заштита на личните податоци иницира вршење контрола над работата на администраторот на информацискиот систем и учествува во вршењето на контролата и изготвува извештај за извршената контрола и за констатираните неправилности. Сите контроли и ревизии се евидентираат од страна на ОЗЛП и се доставуваат до директорот на ИКС СКОПЈЕ. Извештаите од извршените контроли ќе бидат достапни за увид на Агенцијата за заштита на личните податоци.

21. Обуки за заштита на личните податоци

ОЗЛП има обврска континуирано да ги информира вработените и ангажираните лица како овластените лица кои пристапуваат до лични податоци, за обврските и одговорностите за заштита на личните податоци, но и да делува на подигање на свеста и обучување на вработените кои учествуваат во операциите на обработка на податоци.

ОЗЛП планира, организира и спроведува обуки за вработените и ангажираните лица кои учествуваат во операциите на обработка на податоците, но има обврска и да ги информира и запознае и останатите вработени и ангажирани лица за заштита на личните податоци. Образецот на Планот за обуки е составен дел на оваа политика. За исполнување на обврската за запознавање на сите нововработени или новоангажирани лица со прописите за заштита на лични податоци, најсоодветен начин е спроведување на обука или испраќање на добро подготвена информација, лично до секој вработен/секое ангажирано лице.

Лицата кои се вработуваат или се ангажираат во ИКС СКОПЈЕ, пред отпочнување со работа, имаат обврска своерачно да потпишат изјава за тајност и заштита на обработката на личните податоци. Изјавата задолжително се чува во досиејата на вработените/ ангажираните лица во ИКС СКОПЈЕ.

Доколку се појави потреба, било кое трето физичко или правно лице, неспоменато во оваа политика, да пристапи кон лични податоци, предмет на обработка од страна на ИКС СКОПЈЕ, тоа лице претходно задолжително ќе потпише изјава во форма и на начин како што е погоре предвидено.

22. Измени во Политиката за системот за заштита на личните податоци

Со цел обезбедување доследна заштита на личните податоци кои ИКС СКОПЈЕ ги обработува, а согласно измените или дополнувањата на правните основи за обработка, ИКС СКОПЈЕ ќе врши повремени надградувања на оваа Политика за приватност. Сите измени ќе бидат редовно објавувани и лесно достапни до субјектите на личните податоци.

23. Одговорност и институционална заштита

ИКС СКОПЈЕ имплементира соодветни технички и организациски мерки за заштита на личните податоци земајќи ја предвид нивната природа, обем, контекстот во кој истите се обработуваат, целите за обработка, ризикот по приватноста кој може да произлезе од обработката. Транспарентноста на работењето на ИКС СКОПЈЕ во контекст на заштитата на личните податоци е демонстрирана и преку системот за остварување на правата на субјектите на личните податоци.

Надлежна институција пред која ИКС СКОПЈЕ е одговорен во спроведувањето на системот за заштита на личните податоци е Агенцијата за заштита на личните податоци на Република Северна Македонија, Бул. Гоце Делчев бр.18, Скопје, Република Северна Македонија, info@privacy.mk, www.privacy.mk.

Скопје, 29.01.2025 година **Институт за комуникациски студии**